Неизмерно е значењето и улогата на браќата Димитрија и Константин Миладинови во просветно-културната и националната преродба на македонскиот народ. Во изградбата на македонската културна историја браќата Миладиновци, како учители, собирачи на македонските умотворби, поети, публицисти преставуваат централни личности на македонската преродба.

Браќата Миладинови живеат и работат во средината на XIX век,  период кога во Македонија, која се наоѓа под Отоманската империја, владее безаконие, кога населението бега пред зулумот на одметнатите бегови и паши од несигурните села и се населува по градовите. Исто така ова е период кога покрај Отоманскиот терор, грчките свештеници под закрила на Цариградската патријаршија се обидуваат  да извршат денационализација и елинизација на македонскиот народ.

Според пишувањето на Р.Жинзифов, во домот на Миладиновци отсекогаш се зборувало на природниот македонски јазик, иако како што пишува К. Шапкарев, фамилијата на Миладинови потекнува од битолското село Магарево, од каде се иселиле и преку струшкото село Мислешово, дошле во Струга. Родителите на Димитар и Константин грнчарот, Ристе Миладин и неговата сопруга Султана, имале осум деца, од кои шест синови (Димитрија, Тане, Наум, Мате, Апостол и Константин) и две ќерки Ана и Крста. Најстар од синовите бил Димитрија а најмлад Константин.

## ЗА ДИМИТРИЈА МИЛАДИНОВ



[illegible]

## ЗА КОНСТАНТИН МИЛАДИНОВ



[illegible]

## КОНТРАВЕРЗИ ЗА НАСЛОВОТ НА ЗБОРНИКОТ

Како што докажува дописката на Миладинов во Москва, се до печатењето на книгата (24 јуни 1861 г.), таа го носи работниот наслов „Македонски народни песни“ и оваа промена во последен момент е предмет на контроверзии. Всушност, насловот „Бугарски народни песни“ за прв пат се спомнува во писмо на Чолаков до Др. Фрањо Рачки кусо пред самото печатење. Во писмото Чолаков ќе напише: „Може да ви е познато дека откако дојдов преминатата година во Загреб, покојниот мој друг Константин Миладинов ме умоли да му дам сто песни од источните страни на Бугарија, за да може да му даде наслов „Блгарски народни песни„“.

Најважното прашање кое произлегува од изјавата на Чолаков дадена во ова писмо е: со каква тенденција ги побарал Константин бугарските песни и зошто го насловил Зборникот „Бугарски народни песни“. Веќе еднаш редактиран Зборникот во Ѓаково, и по пристигањето на Константин во Загреб, предаден во печатницата за да се печати, Зборникот доживува измени во структурата. Се уфрлуваат бугарски народни песни, кои го зголемуваат обемот на книгата и ја разбиваат композицијата. Заради ова се скратува материјалот и се испуштаат поголем дел од речникот и единаесете хороводни песни.

Дефинитивната промена на насловот на Зборникот од Македонски во Бугарски народни песни, во моментот кога тој требало да влезе во печат, Константин не можел туку така да ја направи, како што и неможел така лесно да ги исфрли идинаесте ороводни песни напишани со ноти од неговиот брат Наум Миладинов, иако веќе биле објавени во Огласот за покана за претплата на Зборникот. Поточно, во собирањето на творбите помагал и средниот брат Наум Миладинов, кој завршил Духовната академија на патријаршискиот универзитет "Халки" во Цариград и дипломирал на отсекот музика и граматика. Во 1843 година напишал учебник по музика, прв од таков вид во Македонија, додека при собирањето на народните песни истите ги запишувал со нотни записи, ги мелографирал, па така тој е нашиот прв музичар и мелограф. Во Зборникот од него требало да бидат напечатени и идинаесет хороводни песни со ноти, кои за жал не се објавени во конечната верзија.

Постојат различни толкувања за оваа постапка на Константин. Една од можните причини е изнесена во писмото што Константин го упатува на 8 јануари 1859 година од Москва до Г.С. Раковски во која се вели: „ ... и јас имам многу македонски песни, кои сакам да ги издадам малку подоцна; зошто сега не ми дозволуваат обстојателствата“. Извинувањето до претплатниците напишано во предговорот на Зборникот не го дава правиот одговор на прашањата кои не интересираат.

Без разлика на самиот наслов, Жинзифов и русинот Рачински, во своите написи за Зборникот на Миладиновци, песните од Зборникот ги нарекуваат македонски, онака како што ги нарекувал и самиот Константин.